АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 15-1282/1
24.10 2018 год
СКОПЈЕ

Записник од конститутивна седница на Централната изборна комисија на Стоматолошка комора на Македонија одржана на 24.10.2018 година

На седницата присуствуваа сите членови на Централната изборна комисија на СКМ.

Откако беше утврдено дека има кворум за работа Централната изборна комисија на Стоматолошка комора најпрвин го разгледа ставот на Адвокатската канцеларија Ристовска – Вујиќ, доставен до ЦИК на 19.10.2018 (арх.бр. 15-1251/1) којшто се однесува на толкување по однос на изборниот процес во регионите во кои не биле избрани минималниот број членови на региони.

Од наведеното беше костатирано дека:

- Во РО Гевгелија, Дојран, Валандово и Богданци ; РО Свети Николе, Лозово, Пробиштип и Македонска Каменица; РО Аеродром; РО Гази Баба; РО Берово, Делчево и Пехчево по спроведените избори во 2018 година не биле запазени одредбите од член 14 од "П Р А В И Л Н И К за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија", односно дека недостасуваат членови во регионалните одбори.

-Правоното толкување на Адвокатската канцеларија Ристовска – Вујиќ по однос на горенаведеното е дека:

"Во регионалните одбори каде предложените кандидати не добиле гласови и регионалните одбори се во непотполн состав (согласно член 14 од Правилникот за избори), треба да се спроведат избори за пополнување на бројот на членови на регионални одбори ".

Во врска со барањето став од Адвокатската канцеларија Ристовска – Вујиќ 19.10.2018 (арх.бр. 15-1251/1) за дали со преземањето на функцијата претседател или замени-претседател на Стоматолошка комора на Македонија се испразнети и местоата за членови во регионите, конкретно за РО Куманово, Крива Паланка, Кратово, Ранковце, Старо Нагоричане и Липково и РО Струмица, Василево, Босилово и Ново Село, ставот на правниот консултант е дека:

"Со избор и преземање на функција претседател или замник на претседател на СКМ не се испразнуваат местата во регионалните одбори, во регионите од каде потекнуваат избраните лица"

Ваквиот став на Адвокатската канцеларија ЦИК да го презентира пред делагатите на Собрание.

Централна изборна комисија на СКМ

Претседател

Д-р Ненад Цветановски

Cvetanovski

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *

Арх. знак 1801
Рок на чување утр.
24.10 2018 год.
Потпис.